Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр 1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

До:
Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија
Св. Кирил и Методиј бр. 20
1000, Скопје

Генерална Дирекција Скопје
Сектор за поддршка на директорот и односи со јавност

Број: 08- 3185/2

Датум: 22-04-2025

Врска: Ваш допис бр. 03-164/1 од 17.04.2025 година
Предмет: Одговор на Барање

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис бр. 03-164/1 од 17.04.2025 година со кој барате поддршка од страна на Управата за јавни приходи во однос на достапност на ИТ-службата со цел навремено и непречено поднесување на ДДВ-04 пријавите, Управата за јавни приходи известува за следното:
Една од главните цели на Управата за јавни приходи е активно да ги следи и соодветно да одговара на потребите и барањата на даночните обврзници и сметководителите и во соработка со даночните службеници ефикасно и професионално да ги управувува даночните процеси во служба на граѓаните и компаниите.
Управата за јавни приходи ги разбира Вашите предизвици, свесни сме дека постоечкиот ИТ систем на УЈП (системот е-Даноци) е застарен и дека ова претставува сериозен предизвик за многумина од Вас при извршувањето на Вашите обврски. Разбираме дека ова може да создаде потешкотии и да го комплицира Вашето секојдневно работење. Добрата вест е дека Управата е во процес на подготовка на целосно нов ИТ систем кој ќе ги реши овие предизвици во иднина.
Во меѓувреме, во Управата за јавни приходи се мобилизираат ресурси со цел обезбедување на потребната поддршка во процесот на поднесување на ДДВ-04 пријавите. Особено имајќи ги предвид неработните денови во изминатиот период, со кои се скратуваат деновите за поднесување на ДДВ-04 пријавите, а кое би можело дополнително да го оптовари системот, Ве известуваме дека овие денови ќе бидат ангажирани дополнителни ИТ тимови кои ќе работат и во попладневните часови, со цел да обезбедат непречено поднесување на ДДВ-04 пријавите и ќе бидат достапни за да ги решат евентуалните технички проблеми што може да се појават.
Преку отворена комуникација и соработка помеѓу УЈП и даночните обврзници создаваме ефикасен, транспарентен и доверлив систем. Кога сите страни активно соработуваат, процесите стануваат поедноставни, обврските полесни за исполнување, а резултатите – поуспешни. Заедно градиме стабилна и праведна даночна средина која носи сигурност и просперитет!

Со почит,

Директор
м-р Елена Петрова

Изработил: Александра Велкова

Доставено до:
Архива
Институт на сметководители и овластени сметководители на РСМ


Твој данок, твоја иднина!